РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-538/4
29-05-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 18-та седница одржана на ден 21.05.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-538/1 од 03.01.2025 година, оформен по пријава со наводи за сомневање за незаконски избор на д-р ---------------------------------- за вонреден професор во Техничкиот факултет при Универзитетот “----------------------------------“ во -----------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што не се потврдуваат наводите од пријавата.

Предметот со број 12-538/1 од 03.01.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Државната комисија за спречување на корупцијата постапува по предмет оформен по пријава со број 12-538/1 од 20.02.2024 година, во која се изнесени наводи за сомневање за незаконски избор на д-р ---------------------------- за вонреден професор во областите Припрема за печатење и ДТП(Desktop Publishing)-20800, Технологии на печатење-20801, Графички процеси и машини-20802 и Графички материјали-20803 во Техничкиот факултет при Универзитетот “----------------------------------“ во --------------.

Подносителот во пријавата наведува дека при спроведувањето на постапката по конкурсот за избор во наставно научно звање, не се испочитувани членот 166 став 2 точка 2 и членот 173 став 6 од Законот за високото образование.

Во насока на утврдување на фактичка состојба по предметот, ДКСК достави Барање за прибирање на информации до Државниот просветен инспекторат.

На 20.03.2025 година, ДПИ достави Записник со број ИП1 бр.------------ до ДКСК, во кој се наведува следното: На ден 07.03.2025 година ДПИ извршил вонреден инспекциски надзор

во Техничкиот факултет при Универзитетот „--------------------------------“ ---------------. Врз основа на член 114 став 4 точка 7 од Законот за високо образование, член 25 став 6 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научно, наставно-стручни, научни и наставни и соработнички звања во Универзитетот „--------------------------------“---------------, деканот на Техничкиот факултет на 02.03.2020 година, донел Одлука за распишување на конкурс за избор на наставници во сите наставно-научни звања и тоа: Припрема за печатење и ДТП(Desktop Publishing)-20800, Технологии на печатење-20801, Графички процеси и машини-20802 и Графички материјали-20803.
На ден 02.03.2020 година е објавен јавниот конкурс за избор на две наставници во сите наставно-научни звања од горенаведените научни области.
Наставно-научниот совет на Техничкиот факултет, на седница одржана на ден 07.04.2020 година, донел Одлука со бр.---------/-- од 04.04.2020 година за формирање на Рецензентска комисија во состав на: редовен професор д-р Игор Неделковски-претседател од ФИКТ-----------, редовен професор д-р Ратка Нешковска-член Технички факултет------------ и вонреден професор д-р Роберто Пашиќ-член Технички факултет ----------------.
Согласно член 173 став 6 од Законот за високо образование, повеќе од половина на составот на Рецензентската комисја ја сочинуваат лица во наставно-научни, наставно стручни, научни и наствани звања од истата наставно научна и уметничка област, во која се избира кандидатот, а другите членови можат да бидат од сродна наставно-научна, односно уметничка област.
На објавениот конкурс се пријавиле двајца кандидати и тоа: Д-р ------------------------, дипломиран графички инженер и Д-р ------------------------, дипломиран графички инженер.
Согласно член 173 став 8 и став 9 Рецензентската комисија поднела Реферат во писмена форма за пријавените кандидати со број ----- од 01.06.2020 година, кој го објавил во Билтенот на Универзитетот „-------------------------------------“.
Согласно член 173 став 10 од Законот за високо образование, Рецензентската комисија ги вреднувала вкупните научни стручни педагошки и други остварувања на кандидатите од почетокот на кариерата до денот на пријавата, со наведување на оценка во согласност со општите и посебните услови за избор.
Врз основа на приложената документација на кандидатите, која била во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови за избор во наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот “------------------------------------“ во -------------, Рецензентската комисија донела Заклучок и предложила до Наставно научниот совет на Техничкиот факултет во -------------, дека и двајцата пријавени кандидати ги исполнуваат условите да бидат унапредени и избрани во звањето вонреден професор во наставно-научните области и тоа: Припрема за печатење и ДТП(Desktop Publishing)-20800, Технологии на печатење-20801, Графички процеси и машини-20802 и Графички материјали-20803.

Наставно-научниот совет на Техничкиот факултет -----------, донел Одлука со бр.---------/-- од 16.06.2020 година, со која д-р ----------------------- и д-р ------------------------ се избрани во наставно-научно звање вонреден професор во научните области Припрема за печатење и ДТП(Desktop Publishing)-20800, Технологии на печатење-20801, Графички процеси и машини-20802 и Графички материјали-20803.

При увидот на документацијата содржана во персоналното досие на д-р -------------------, ДПИ констатира дека д-р ---------------------- поседува Диплома бр.--- од 19.05.2004 година, издадена од Универзитетот „Св.Климент Охридски“-Техничкиот факултет во Битола за завршени додипломски студии и стекнат научен назив Дипломиран графички инженер со средна оценка 9.21, Диплома бр.--- од 08.12.2009 година, издадена од Универзитетот „Св.Климент Охридски“-Технички факултет во Битола за завршени постдипломски студии и стекнат академски степен Магистер од областа на графичкото инженерство со средна оцена 10.00 и Диплома бр.---- од 08.12.20215 година, издадена од Универзитетот „Св.Климент Охридски“-Технички факултет во Битола за стекнат научен степен Доктор на науки од областа на технички науки.

Со Одлука бр.---------/-- од 29.09.2015 година на Наставно-научниот совет на Технички факултет ------------, д-р -------------------- била избрана во наставно-научно звање Доцент од областите: Припрема за печатење и ДТП, Технологии на печатење, Графички процеси и машини и Графички материјали.

Со Одлука бр.----------/-- од 16.06.2020 година, Наставно-научниот Совет на Техничкиот факултет------------------, д-р ------------------------ е избрана за наставник во научно звање вонреден професор во наставно-научните области Припрема за печатење и ДТП(Desktop Publishing)-20800, Технологии на печатење-20801, Графички процеси и машини-20802 и Графички материјали-20803.

ДПИ не утврди никакви неправилности во работењето на субјектот на надзорот и констатира дека изборот на д-р --------------------------- во наставно научно звање вонреден професор е во согланост со членот 166 став 2 точка 2 и членот 173 став 1, 8 и 9 од Законот за високо образование.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај од причина што не се потврдуваат наводите од пријавата и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**
**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: м-р Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р С.Д., член на ДКСК